


macedonianlanguagecorner.com

## Втора епизода: Еден ден во Скопје

Здраво,

Во оваа епизода, ќе зборуваме малку за Скопје, главниот град на Македонија. Што можете да правите во Скопје?

Скопје може да ви понуди многу нешта. Култура, историја, природа, забава. Сè зависи од тоа што ви се допаѓа. Доколку сакате природа, можете да одите на Водно. Водно е планина висока 1066 метри и од нејзиниот врв се гледа целиот град. Можете да планинарите, да возите велосипед или да одите со жичница. На врвот на Водно се наоѓа Милениумскиот крст. Тоа е споменик изграден во чест на две илјади години христијанство во Македонија.

Понатаму, можете да го посетите кањонот Матка. Матка е одличен избор ако сакате да се разладите во лето или да ги истражите пештерите и старите манастири.

Ако ја сакате историјата, ви ја препорачувам тврдината Кале чии ѕидини биле изградени во шестиот век. Прошетајте се и низ старата скопска чаршија. Таму ќе се чувствувате како да шетате низ вистинска чаршија од Османлиското владеење. Можете да ги посетите и Археолошкиот музеј, Музејот на холокаустот или Меморијалната куќа на Мајка Тереза. Ако сте љубители на културата, можете да одите во Македонскиот народен театар или да видите дали Македонскиот културен центар организира некоја интересна изложба или некој концерт.

За крај, уживајте со едно турско кафе во едно од кафулињата на Плоштад Македонија или покрај кејот на Вардар. Скопје ве очекува!

## Second episode: One day in Skopje

### Translation

Hello,

In this episode, we will talk a little about Skopje, the capital of Macedonia. What can you do in Skopje?

Skopje can offer you many things: culture, history, nature, entertainment. It all depends on what you like. If you like nature, you can go to Vodno. Vodno is a mountain 1066 meters high, and from its peak, you can see the entire city. You can hike, go biking, or take the cable car. At the top of Vodno is the Millennium Cross, a monument built in honor of two thousand years of Christianity in Macedonia.

Furthermore, you can visit the Matka Canyon. Matka is an excellent choice if you want to cool off in the summer or explore caves and old monasteries.

If you love history, I recommend the Kale Fortress, whose walls were built in the sixth century. Take a walk through the old Skopje bazaar. There, you will feel as if you are walking through a real bazaar from Ottoman rule. You can also visit the Archaeological Museum, the Holocaust Museum, or the Memorial House of Mother Teresa.

If you are a culture lover, you can go to the Macedonian National Theatre or see if the Macedonian Cultural Center is organizing any interesting exhibitions or concerts.

Finally, enjoy a Turkish coffee at one of the cafes on Macedonia Square or along the Vardar River.

Skopje awaits you!

## Вокабулар




- понуда - (noun. f.) *an offer*
  нуди, понуди - (v.) *to offer*

- природа = (noun. f.) *nature*
  природно = (adj.) *naturally*

- забава - (noun. f.) *party, entertainment*
  забавно - (adj.) *fun*

- зависи од - (v.) *depends on*

- планина - (noun. f.) *mountain*
  планинари - (v.) *to hike*
  планинарење - *hiking*

- посета - (noun. f.) *visit*
  посети - (v.) *to visit*

- избор - (noun. m.) *choice*
  избира, бира - (v.) *to choose*

- се разладува - (v.) *to cool down*

- препорачува - (v.) *to recommend*

- стар (m.), стара (f.), старо (n.), стари (plural) - (adj.) *old*

- се чувствува - (v.) *to feel*

- изложба - (noun. f.) exhibition

- уживајте - (v. imperative) *enjoy!*
  ужива - to enjoy

- очекува - (v.) *to await*
  чека - (v.) to wait

## ГЛАГОЛ НА ДЕНОТ | Verb of the day

**Може** (can, to be able to)

1. Јас мож**ам**
2. Ти мож**еш**
3. Тој, таа, тоа мож**е**

1. Ние мож**еме**
2. Вие мож**ете**
3. Тие мож**ат**

Што **можете** да правите во Скопје?

Скопје **може** да ви понуди многу нешта.

Доколку сакате природа, **можете** да одите на Водно.

Понатаму, **можете** да го посетите Кањонот Матка.

## Вежби | Exercises

### I. Точно или неточно? | True or False?

*Decide if the following statements are true or false based on the text.*

- Водно е планина висока 3000 метри.
- Можете да планинарите на Водно.
- Милениумскиот крст е изграден во чест на две илјади години христијанство.
- Можете да го посетите Кањонот Матка во зима за да се разладите.
- Археолошкиот музеј се наоѓа во старата скопска чаршија.

### II. Одбери го точниот одговор | Choose the correct answer:

1. Што можете да правите на Водно?

а. Да возите автомобил
б. Да планинарите
в. Да одите со авион

2. Што можете да видите од врвот на Водно?

а. Целиот град Скопје
б. Само реката Вардар
в. Само Кањонот Матка

3. Која е препораката ако ја сакате историјата?

а. Да одите на концерт
б. Да ја посетите тврдината Кале
в. Да се разладите на Матка

### III. **Објаснете што би сакале да правите во Скопје и зошто. Користете ги вокабуларот и информациите од текстот.** | Explain what you would like to do in Skopje and why. Use the vocabulary and information from the text.

